# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

## "АСНОМ-ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ МАКЕДОНСКА ДРЖАВА 1944-1945"

(Прилози од Научниот собир одржан на 17 и 18 ноември 1994 година), Скопје, 1995, 571.

Неодамна нашата историска мисла, а по повод одбележувањето на педесетгодишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, стана побогата со уште едно значајно издание посветено за нашата најнова историја под наслов: "АСНОМ-педесет години македонска држава 1944-1994". Всушност, во овој зборник се поместени научните трудови од истоимениот Научен собир одржан на 17 и 18 ноември 1994 година, во организација на Македонската академија на науките и уметностите и Институтот за национална историја. Во Зборникот, на 560 страници се презентирани 37 научни трудови и 15 дискусии од повеќемина академици, професори и научни работници што само по себе говори за интересот во научната јавност за оваа проблематика.

АСНОМ останува интересен не само за историчарите, но и за оние научни работници кои го проучуваат од правен, историско-правен или пак, државно-правен аспект. Оттука, се чини дека АСНОМ со својата историска и државноправна димензија е постојано актуелен, особено во поново време. Во сегашново време кога во македонската историографија поприлично многу е кажано од историски аспект, можеби е сосема природно што поголем дел од научните прилози презентирани во Зборникот, се посветени на теоретска обработка на настаните поврзани со АСНОМ, кој несомнено остави трајно сведоштво за формирањето на македонската државност.

Од презентираните трудови во Зборникот мошне е тешко да се издвојат само одделни прилози и тие да се одбележат, поради фактот што речиси сите трудови, со исклучок на некои, во кои се забележуваат мали повторувања на фактографијата, претставуваат и се значаен придонес во историско-правната наука. Во еден значителен дел од научните прилози се навлегува во теоретското опфаќање на проблемите. Во тој однос посебно треба да се одбележи воведниот реферат на акад. Евгени Димитров кој нашироко ги елаборира сите поважни појави и проблеми од развојот на оруженото востание, а со тоа и од државноста создадена во текот на НОБ, па сè до утврдувањето на државно-правната положба на Македонија по ослободувањето како рамноправна членка во новата југословенска федерација за тој процес да го заокружи со современите текови од крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години од овој век со формирањето на самостојна Република Македонија.

Рефератите кои потоа се поместени ја обработуваат проблематиката поврзана со историските, државно-правните и уставноправните аспекти, а тесно поврзани со концептите, програмите и проектите за државното конституирање на Македонија, обединувањето на Македонија како програмско-политичка и акциона цел во револуционерните процеси, како и за појавата на националното и државното во македонското револуционерно движење.

Во една поголема група реферати, пак, се третираат проблемите непосредно поврзани со АСНОМ и од него произлезени и елаборирани процесите на уставноста и државотворноста. Во тој контекст ќе одбележиме неколку групи на реферати кои ја обработуваат проблематиката тесно поврзана со некои аспекти од државниот субјективитет на Македонија, уставниот карактер на АСНОМ, степенот на реализацијата на одлуките на АСНОМ, судската функција во процесот на создавањето на македонската државност како и теми кои ги допираат прашањата за имотно-правните односи, статусот на колонистите како и македонското прашање во меѓународните односи во времето на одржувањето на Заседанието. Во таа група на прашања се третирани и оние кои ги елаборираат начелата за човековите права, третманот на Македонците во соседните земји како и ставовите на некои од големите сили за прашањето за обединување на Македонија и југословенско-бугарската федерација.

За одбележување е и третата група прашања во која десетина автори ја обработуваат проблематиката тесно поврзана со АСНОМ и документите донесени од него, но во контекстот на суверенитетот на донесените документи, развојот на политичкиот систем и континуитетот со независна Република Македонија, просветната политика и образовниот систем, македонската литература во годините по АСНОМ, но и воената организација и воено-стратегиските импликации по АСНОМ, па се до одбранбено-заштитниот систем и Армијата на Република Македонија.

На крајот од Зборникот, пак, поместени се и петнаесетте дискусии тесно поврзани со проблематиката која е третирана во рефератите како и завршниот збор на претседателот на организациониот одбор акад. Евгени Димитров, и, регистарот на личните имиња.

И, како заокружување, да го кажеме и тоа дека презентирањето во научната јавност и пошироко на трудовите објавени во овој Зборник, несомнено како што и ќе забележи во својот поздравен говор претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, акад.Ксенте Богоев, ќе придонесе “да се повлечат паралели, да се открива и потврдува континуитетот, да се фиксираат постигањата”, а што прилозите ни го нудат, укажува дека презентираниов Зборник посветен на АСНОМ и педесетгодишнината од македонската државност заслужува посебно внимание. Во секој случај, преставува значаен прилог во научната мисла кој треба да се види и прочита.

Ѓорѓи ЧАКАРЈАНЕВСКИ